ЈП Комунална хигиена - Скопје
NP Higjiena komunale - Shkup
Скопје, Република Македонија
Shkup, Republika Maqedonise
Број / numer 02 - 4355
Дата / data 25.05.2011

Врз основа на член 24 од Статутот на ЈП Комунална хигиена-Скопје, Управниот Одбор на својата 29-та редовна седница одржана на ден 25.05.2012 година ја донесе следната:

# ОДЛУКА
## за изменување на Одлуката за методологија за утврдување на површината како основ за определување надомест за собирање и транспортирање на комунален отпад од физички и правни лица-корисници на услуга бр.02-5883 од 28.06.2011 година

### Член 1

Со оваа Одлука се врши изменување на Одлуката за методологија за утврдување на површината како основ за определување надомест за собирање и транспортирање на комунален отпад од физички и правни лица-корисници на услуга бр.02-5883 од 28.06.2011 година.

### Член 2

Во член 2 точка 2 ставот 2 се менува и гласи:„ 50% од утврдената површина со насадено и одржувано т.н. култивирано зеленило не се зема во пресметката за надоместокот на услугата.“

### Член 3

Се задолжуваат Секторот за финансиски прашања, Службата за премер и наплата, доследно да се придржуваат кон одредбите на оваа Одлука.

### Член 4

Оваа Одлука да се објави на WEB страната на Претпријатието.

### Член 5

Оваа Одлука влегува во сила веднаш по нејзиното донесување.

# О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

При спроведување на Одлуката за методологија за утврдување на површината како основ за определување надомест за собирање и транспортирање на комунален отпад од физички и правни лица-корисници на услуга, во пракса ЈП Комунална хигиена Скопје се соочи со проблеми во смисла на тоа дека кај одредени правни субјекти ја намалуваше површината за која се издава сметката и за повеќе од 75% од вкупната површина. Идејата за донесување на оваа одлука за измена беше дека со зголемување на цената кај правните субјекти од 3,59 на 5,5 ден. по м2 износот кој што треба да го плаќаат т.н. големи правни субјекти значително би се зголемил. Врз основа на согледувањата на ЈП, голем дел од правните субјекти поседуваат т.н. култивирано уредено зеленило, и во насока на стимулирање на зголемувањето на ваквите површини а со цел за заштита на животната средина, менаџерскиот тим на ЈП оцени дека оваа површина не треба да влезе во површината на која се пресметува надомест за собирање и транспортирање на отпадот. Бидејќи ЈП КХС постапува врз основа на претходни барања од правни субјекти, голем број на поголемите правни субјекти во изминатиот период доставуваа вакви барања и по нив се постапуваше по горреспомнатата Одлука. Поради сето погоре наведено се предлага на УО да донесе одлука како во членот 2 од Диспозитивот.

Како конкретен пример се јавува Барањето од фирмата Зорка Колор од Скопје, сега Визија Тим Македонија. Зорка Колор поседува вкупна површина од 19.456 м2 и за оваа површина добива месечна сметка од 20.428,80 денари со ДДВ. Врз основа на нивно барање направен е премер во кој што е констатирано дека со исклучување на зелените уредени површини потребно е да им се издаде сметка за површина од 5.070 м2 на износ од 5.323,50 денари. Доколку се примени измената во предложената одлука, површината од 14.386 м2 зелена уредена површина нема да се пресмета во надоместот, односно ќе се земе само 50% од истата. Во тој случај ќе треба да им се издаде сметка за вкупна површина од 12.263 м2 односно сметка на износ од 12.876,15 денари, што би било олеснување за правниот субјект, а ЈП нема да изгуби од својот приход по овој основ.

**Управен Одбор**
**Претседател,**

**Марика Зафировска**

Зафировска

Јавно претпријатие Комунална хигиена • СКОПЈЕ • SHKUP • 1 • Ndërmarrja publike Higjiena komunale